**20261802801**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 173 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.135/2025, 269/2025 и 132/2026), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 14.07.2026 година, донесе

## ПЛАН ЗА НУМЕРАЦИЈА

### Предмет

Член 1

(1) Со Планот за нумерација се утврдува структурата, должината и намената на броевите и сериите на броеви кои ги користат операторите и другите правни или физички лица утврдени во членот 175 од овој закон, за да се обезбеди еднаква достапност на соодветните броеви за сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги и другите правни или физички лица.

(2) Планот за нумерација содржи:

а) нумерациски ресурси што идентификуваат мрежни завршни точки на јавни електронски комуникациски мрежи во Република Северна Македонија;

б) нумерациски ресурси што идентификуваат одредени услуги што се обезбедуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи во Република Северна Македонија;

в) код за избор на оператор;

г) кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги;

д) кодови на мрежа поврзана со мобилни мрежи и мобилни услуги и

ѓ) кодови на сигнализациски точки.

(3) Нумерациските ресурси од став (2) точка а) и точка б) на овој член се:

а) нумерациски ресурси дефинирани во согласност со препораката Е.164-„Меѓународен план за нумерација за јавни телекомуникациски услуги“ на ITU-T и

б) национални скратени броеви.

(4) Одредбите од Планот за нумерација не се однесуваат на јавни услуги за испраќање на SMS/MMS пораки.

### Цел

Член 2

Со Планот за нумерација се има за цел:

а) да се обезбедат потребни нумерациски ресурси за преносливост на броеви и избор на оператор;

б) да се обезбеди воведување нови електронски комуникациски услуги;

в) да се обезбеди идентификација, рутирање и наплата на услуги;

г) да се обезбеди ефикасно структуирање и употреба на броевите и сериите на броеви;

д) да се задоволат потребите на операторите и другите правни лица кои имаат право на доделување на броеви и/или серии на броеви согласно со овој закон и

ѓ) да се обезбеди доделување и користење на броевите и/или сериите на броеви на објективен и недискриминаторски и транспарентен начин.

е) да се обезбеди имплементација на национални скратени броеви за услуги за итни повици и други услуги хармонизирани на Европско ниво

ж) да се обезбеди доволен нумерациски простор за идни потреби.

**Дефиниции и кратенки**

Член 3

Одделни изрази употребени во Планот за нумерација го имаат следново значење:

а) серија на броеви претставува непрекината низа на последователни броеви од Планот за нумерација подредени по растечки редослед. Блок на броеви претставува група од броеви кои може, но не мора да се подредени;

б) ITU–Меѓународна Унија за Телекомуникации (ITU-International Telecommunications Union);

в) ITU-T-Меѓународна Унија за Телекомуникации–Сектор за стандардизација;

г) ISO-Меѓународна Организација за Стандардизација (ISO-International Standardisation Organisation);

д) IEC–Меѓународна Електротехничка Комисија (IEC–International Electrotechnical Commission);

ѓ) Префикс (Prefix) е индикатор кој се состои од една или повеќе цифри и овозможува избор на различни типови на броеви (на пр. национални и меѓународни), транзитни мрежи и/или услуги;

е) Меѓународен префикс (International prefix) претставува знак или комбинација од цифри кои ги бира повикувачкиот краен корисник кога повикува краен корисникво друга држава за да добие пристап во автоматска појдовна меѓународна преносничка опрема;

ж) Национален префикс (National prefix) претставува цифра која ја бира повикувачкиот краен корисник кога повикува краен корисник во својата држава;

з) Код на држава (Country code) претставува комбинација од една, две или три цифри кој ја карактеризира државата на повиканиоткраен корисник;

ѕ) Корисничкиот број (SN–Subscriber Number) претставува број кој треба да биде избран или повикан за да се добие крајниот корисник во исто нумерациско подрачје;

и) Национален број [NSN – National (Significant) Number] претставува број што треба да биде избран по националниот префикс за да се добие краен корисник во истата држава. Националниот број се состои од националниот дестинациски код (НДК) и од корисничкиот број;

ј) Зелен број (Green Number) претставува број за кој целокупниот надоместок за сообраќајот остварен кон овој број се плаќа од страна на повиканата страна;

к) Син број (Blue Number) претставува број за кој надоместокот за сообраќајот остварен кон овој број се плаќа делумно од страна на повикувачот и делумно од повиканата страна според однапред утврден соодност;

л) Меѓународен број (International Number) претставува број кој се бира после меѓународниот префикс за да се добие краен корисник во друга држава. Меѓународниот број се состои од код на држава на бараната земја после кој доаѓа националниот број на повиканиоткраен корисник;

љ) Национален дестинациски код (НДК) (NDC-National Destination Code) претставува кодно поле во Планот за нумерација, кое комбинирано со корисничкиот број го сочинува националниот број содржан во меѓународниот број. Со НДК се врши селекција на нумерациско подрачје.

-НДК може да биде декадна цифра или комбинација од декадни цифри (без никаков префикс) кој го карактеризира нумерациското подрачје во државата.

-НДК треба да се вметне пред повиканиот кориснички број кога повикувачкиот и повиканиот број се во различни нумерациски подрачја.

м) Мрежен Индикатор (NI-Network Indicator) е двобитно поле во Сигнализацискиот Информациски Октет (SIO) од сигналната информациона единица кое обезбедува разлика помеѓу националните и меѓународните пораки;

н) Номадска карактеристика на број претставува можност националниот број од јавна фиксна телефонска мрежа да има локациска независност при која крајниот корисник може да се регистрира на било која мрежна завршна точка во мрежата на операторот што го опслужува крајниот корисник во Република Северна Македонија;

њ) IMSI-Меѓународен мобилен кориснички идентитет (IMSI-Internatioanl Mobile Subscriber Identity);

о) MCC-Код на државата за мобилни мрежи (MCC-Mobile Country Code);

п) MNC-Код на мобилна мрежа во државата (MNC-Mobile Network Code);

р) MSIN-Кориснички идентификациски број во мобилни мрежи (MSIN-Mobile Subscriber Identification Number);

с) Нумерациско подрачје претставува подрачје кое што е определено со НДК.

## Содржина на Планот за нумерација

Член 4

(1) Во Планот за нумерација се содржани следните нумерациски ресурси:

а) меѓународен префикс;

б) национален префикс;

в) национални броеви (NSN);

г) национални скратени броеви;

д) код за избор на оператор;

ѓ) кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги;

е) кодови на мрежа поврзана со мобилни мрежи и мобилни услуги

ж) кодови на сигнализациски точки;

з) броевите за пристап до услуги со додадена вредност;

ѕ) броеви за услуги на бесплатен повик и услуги со поделба на трошоци.

(2) Броевите од Планот за нумерација се користат од крајните корисници за започнување и воспоставување на повик кон мрежните завршни точки на јавни електронски комуникациски мрежи или за пристап до јавно достапни комуникациска услуга помеѓу лица која користи нумерација.

## Меѓународен број

Член 5

(1) Меѓународниот број го содржи кодот на државата и националниот број. Согласно препораката Е.164 - „Меѓународен план за нумерација за јавни телекомуникациски услуги“ на ITU-T, за Република Северна Македонија е доделен код на држава 389.

(2) Меѓународни повици и повици до меѓународни телефонски услуги и меѓународни телефонски мрежи се остваруваат со користење на меѓународен префикс пред кодот на државата доделен од ITU и националниот број од Планот за нумерација на државата. Во Република Северна Македонија меѓународниот префикс е 00 или +.

## Национален број

Член 6

(1) Национални повици се остваруваат со користење на националниот префикс пред националниот број. Во Република Северна Македонија националниот префикс е 0.

(2) Националниот број е секвенца со должина од 8 цифри од типот xyabcdef, каде првите цифри (x или xy) го прикажуваат НДК, додека останатите цифри го прикажуваат корисничкиот број.

<table>
<tr><td>НДК</td><td rowspan="3"></td><td>Кориснички број</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>1или 2 цифри</td><td>7 или 6 цифри</td></tr>
<tr><td colspan="3">NSN=xyabcdef</td></tr>
<tr><td colspan="3">8 цифри (национален број)</td></tr>
</table>

(3) НДК е секвенца со променлива должина која што содржи информација за селекција на нумерациското подрачје, видот на телефонските услуги што се обезбедуваат и наплатата за истите, како и дел од информацијата за рутирање на повикот.

(4) Во зависност од значењето и обликот на НДК, националните броеви можат да бидат во следните категории:

а) кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни електронски комуникациски мрежи при што НДК покажува дека услугата се обезбедува на фиксна локација преку јавна фиксна електронска комуникациска мрежа;

б) кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни електронски мобилни комуникациски мрежи, при што НДК покажува дека услугата се обезбедува преку јавна мобилна електронска комуникациска мрежа;

в) броеви, различни од корисничките броеви во нумерациските подрачја за јавни фиксни електронски комуникациски мрежи и јавни мобилни електронски комуникациски мрежи, при што НДК содржи информација за видот на телефонската услуга што се обезбедува и наплатата за истата.

(5) Должината на НДК изнесува 1 цифра за кориснички броеви со должина од 7 цифри или 2 цифри за кориснички броеви со должина од 6 цифри.

(6) НДК може да има прва цифра со следната намена:

1 - резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

2 - за 7-цифрени кориснички броеви во јавни фиксни електронски комуникациски мрежи

3 - за 6-цифрени кориснички броеви во јавни фиксни електронски комуникациски мрежи

4 - за 6-цифрени кориснички броеви во јавни фиксни електронски комуникациски мрежи

5 - за броеви за обезбедување на други услуги (услуги со поделба на приходи–revenue share services, услуги со посебна тарифа–premium rate services, услуги со додадена вредност–value added services, итн.)

6 - резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

7 - за броеви во јавни мобилни електронски комуникациски мрежи

8 - за броеви за обезбедување на други услуги (услуги на бесплатен повик (зелени броеви)–freephone services (green numbers), услуги со поделба на трошоци (сини броеви)–share cost services (blue numbers), итн.)

9 - резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

(7) Првата цифра на националните скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво и за услуги од национално општествено значење е 1 и се бираат без национален префикс и НДК.

(8) Структурата на националните скратени броеви е како што следи:

11a(b)cd - за услуги хармонизирани на европско ниво и

19a - за услуги од национално општествено значење

(9) Блоковите серии на национални броеви со почетна цифра 1, 6 и 9 се резервирани за идни потреби во Планот за нумерација.

(10) Кодовите за избор на оператор се со облик 10ab и се со должина 2 цифри. ab е код на операторот што се нотифицирал како оператор кој обезбедува јавно достапна телефонска услуга. ab можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

**Бирање на броевите од Планот за нумерација**

Член 7

(1) Планот за нумерација во Република Северна Македонија е од отворен тип. Повик се започнува со бирање на национален префикс и национален број. Повик може да се започне и со директно бирање на кориснички број без национален префикс и без НДК во исто нумерациско подрачје по избор на операторот доколку тоа е технички возможно, при што операторот ќе биде целосно одговорен за правилно воспоставување, рутирање и завршување на повикот.

(2) Надвор од границите на Република Северна Македонија, повик кон броеви од Планот за нумерација на Република Северна Македонија се започнува со бирање на меѓународниот префикс на државата од каде што се започнува повикот, следен со код на држава за Република Северна Македонија и национален број.

(3) Повик кон краен корисник на друга држава од Република Северна Македонија се започнува со бирање на меѓународниот префикс 00 или +, следен со кодот на државата и националниот број од Планот за нумерација на државата на повиканиот краен корисник.

(4) Повик со код за избор на оператор во постапка со еден чекор се започнува со бирање на кодот за избор на оператор 10ab, следен со:

а) меѓународниот префикс 00 или +, код на државата и националниот број на повиканиот краен корисник, за меѓународен повик, или

б) националниот префикс 0 и националниот број на повиканиот краен корисник, за национален повик.

(5) Повик со предизбор на оператор се започнува според правилото од став (1) на овој член за национален повик или според правилото од став (3) на овој член за меѓународен повик.

**НДК во нумерациски подрачја за јавни фиксни електронски комуникациски мрежи**

Член 8

(1) Националниот дестинациски (преноснички) код (НДК) со прва цифра 2 е наменет за кориснички броеви со 7 цифри, 3 и 4 се наменети за нумерациски подрачја со 6-цифрени кориснички броеви во Планот за нумерација.

(2) Националните дестинациски (преноснички) кодови (НДК) со цифри: 30, 35-41 и 49 ќе се чуваат како резерва за идни потреби на Планот за нумерација.

**Кориснички броеви во јавна фиксна електронска комуникациска мрежа**

Член 9

(1) Должината на корисничките броеви во јавна фиксна електронска комуникациска мрежа изнесува 7 цифри за НДК со должина 1 цифра и 6 цифри за НДК со должина 2 цифри и се наменети за пристап до јавни фиксни електронски комуникациски мрежи и/или јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација каде што истите ќе се стават во употреба. Првата цифра на корисничкиот број може да биде од 2 до 9.

(2) Доделените национални броеви во јавна фиксна телефонска мрежа имаат номадска карактеристика.

Член 10

**(Скратени броеви во нумерациски подрачја за јавни електронски фиксни и мобилни комуникациски мрежи)**

(1) Скратените броеви во нумерациските подрачја со МДК 02 за јавни фиксни и мобилни комуникациски мрежи можат да бидат со должина од 5 цифри за сите нумерациски подрачја.

(2) Почетните две цифри на скратените броеви во нумерациските подрачја се 15 или 13.

(3) Скратените броеви, од претплатничките броеви можат да се добијат на два начини: со директно бирање на скратениот број или со бирање на национален префикс НДК и скратен број. Во првиот случај повикот се започнува со директно бирање на скратениот број без национален префикс и без НДК, при што операторот што го опслужува скратениот број ќе биде целосно одговорен за правилно воспоставување, рутирање и завршување на повикот и во ваков случај повикот ќе се заврши кај претплатникот со скратен број чија што мрежна завршна точка е локациски најблизу до мрежната завршна точка на претплатничкиот број од кој се воспоставува повикот. Во вториот случај повикот се започнува со бирање на национален префикс, НДК и скратениот број, при што се добива претплатникот со скратен број.

(4) Скратените броеви во нумерациските подрачја имаат идентичен третман (наплата,интерконекција) како корисничките броеви за јавно достапна фиксна и мобилна телефонска услуга.

**Броеви од серијата 05**

Член 11

(1) Броевите од серијата 05 се национални броеви со НДК со една цифра која изнесува 5 и се наменети за обезбедување на други услуги (услуги со поделба на приходи–revenue share services, услуги со посебна тарифа–premium rate services, услуги со додадена вредност–value added services, итн.). Содржината на услугите може да биде: забава, игри, натпревари и квизови, различни информации (општи, деловни, маркетинг, услужни, итн.), забава за возрасни, dial-up пристап на Интернет, итн.

(2) Броевите од серијата 05 не можат да се користат за обезбедување на други јавни телефонски услуги, вклучително и започнување на меѓународни повици.

(3) Операторите кои обезбедуваат јавно достапна телефонска услуга можат доделените броеви од серијата 05 да ги користат за обезбедување на сопствени услуги , како и да ги даваат на користење на обезбедувачи на услуги , врз основа на склучен договор.

(4) Во договорот што обезбедувачот на услуга го склучува со операторот кој обезбедуваат јавно достапна телефонска услуга, меѓу другото, се утврдува начинот на пристап до обезбедувачот на услуги , дали ќе биде овозможен пристап и на крајни корисници од мрежи на други оператори, како и цената на услугата.

(5) Структурата на број од серијата 05 е:

5xy abcde

при што x означува начин на тарифирање на услугата, y означува за која популација е наменета услугата и тоа:

x = 1 резерва

x = 2,3,4 услуга со тарифирање по настан

x = 5,6,7,8,9,0 услуга со тарифирање по времетраење

xy = 00 услуга во живо за забава за возрасни

а abcde можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

## Броеви од серијата 08

Член 12

(1) Броевите од серијата 08 се национални броеви со НДК со една цифра која изнесува 8 и се наменети за телефонски услуги (услуги на бесплатен повик (зелени броеви)–freephone services (green numbers), услуги со поделба на трошоци (сини броеви)–share cost services (blue numbers), итн.) преку интелигентни платформи.

(2) Структурата на број од серијата 08 за телефонски услуги е:

8xy abcde

при што xy го означуваат начинот на тарифирање на услугата, а abcde можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

(3) Зелен број има структура 0800 abcde (xy = 00).

(4) Син број има структура 08xy abcde каде xy се различни од 00.

(5) Операторите кои обезбедуваат јавно достапна телефонска услуга можат доделените броеви од серијата 08 да ги користат за обезбедување на сопствени услуги, како и да ги даваат на користење на даватели на услуги, врз основа на склучен договор.

(6) Давателот на услуга во договорот со операторот што го опслужува бројот од серијата 08 треба да се изјасни дали сака да им биде оневозможен пристап до бројот на крајни корисници од други оператори. Склучените договори за броевите од серијата 08 пред стапување во сила на овој План остануваат во важност се до нивното завршување.

(8) Зелен број може да се користи за завршување на повик на мрежна завршна точка на давателот на услуги, како и за започнување на национален или меѓународен повик во два чекори.

(9) Зелен број со структура 08009abcd може да се користи за започнување на национален или меѓународен повик во два чекори за така наречените услуги за индиректен пристап преку интелигентни платформи, како што се услугите „Директно Дома (Direct Home)“ или услугите што се плаќаат со виртуелни или pre-paid картички. Пристап до услугата се обезбедува после автентикација на повикувачката страна. Модалитетот на автентикација го утврдува давателот на услуга (код за идентификација, PIN, итн.). Пристапот до интелигентната платформа е бесплатен за повикувачката страна. Наплатата за воспоставување на национален или меѓународен повик е од идентификуваната повикувачка страна, во согласност со цените и модалитетот на наплата што ги воспоставил давателот на јавната телефонска услуга.

(10) Син број може да се користи за пристап до услуги за кои трошоците за повикот се делат помеѓу повикувачката страна и давателот на услуга преку син број, при што од повикувачката страна не смее да се наплати износ повисок од цената на локален повик во мрежата на ист оператор за повици од кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни електронски комуникациски мрежи, односно цената за повик во иста мрежа (on-net) за повици од кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни електронски комуникациски мрежи.

**Кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни електронски комуникациски мрежи**

Член 13

(1) Корисничките броеви во нумерациски подрачја за јавни електронски мобилни комуникациски мрежи со НДК 7x се со должина 6 цифри и се наменети за пристап до јавни мобилни електронски комуникациски мрежи. Првата цифра на корисничкиот број може да биде од 2 до 9.

(2) Повик кон кориснички број во нумерациско подрачје за јавни електронски мобилни комуникациски мрежи (мобилни) мора целосно да заврши на мрежната завршна точка што ја идентификува корисничкиот број во нумерациско подрачје за јавни мобилни електронски комуникациски мрежи, освен во случаи кога повикот е пренасочен кон друга мрежна завршна точка, при што повикувачкиот краен корисник што го започнува повикот не мора да бира дополнителна секвенца броеви и ја плаќа онаа тарифа што одговара на повик кон соодветен национален број во нумерациски подрачја за јавни електронски мобилни комуникациски мрежи.

**Броеви за М2М**

Член 14

Броевите од член 9 став (1) и член 13 став (1) на овој План можат да се стават во употреба и за комуникација помеѓу уреди и/или апликации, при што операторите на кои им се доделени овие броеви треба да водат евиденција за истите и треба да бидат евидентирани како посебна категорија на претплатници.

**Национални скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво**

Член 15

(1) Националните скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво можат да бидат со должина 3, 4 или 6 цифри.

(2) Националните скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво можат да бидат за:

а) итни повици;

б) хармонизирани услуги од општествено значење или

в) услуги за телефонски служби за информации.

(3) Согласно Одлуката на Европската Комисија 91/396/ЕЕС од 29 Јули 1991 за воведување на единствен европски број за итни повици, единствениот број за итни повици хармонизиран на европско ниво е 112 и е со должина 3 цифри.

(4) Начинот на користење и времето на спроведување на националниот скратен број 112 за итни повици го пропишува Владата на Република Северна Македонија.

(5) Согласно Одлуката на Европската Комисија 2007/116/ЕС од 15 Февруари 2007 за резервирање на национална серија на броеви со почетни цифри 116 за хармонизирани броеви за хармонизирани услуги од општествено значење, која е изменета и дополнета со

Одлуката на Европската Комисија 2007/698/ЕС од 29 Октомври 2007, националните скратени броеви во серијата 116(xyz) можат да се користат за хармонизирани услуги од општествено значење.

(6) Хармонизирана услуга од општествено значење е услуга која што е од особено значење за посетителите од странски држави и задоволува специфични општествени потреби, особено оние што се однесуваат на здравјето и безбедноста на граѓаните или на одредена група граѓани или им помага на граѓаните во неволја.

(7) Броевите од серијата 116(xyz) можат да се користат доколку:

а) услугата обезбедува информација или помош или соопштение или било каква комбинација од претходното;

б) услугата е отворена за сите граѓани без дополнителни барања или претходна регистрација;

в) услугата е временски неограничена согласно Одлуката на Европската Комисија 2007/698/ЕС;

г) услугата се нуди бесплатно за корисниците и никакви претходни плаќања не се предуслов за користење на услугата и

д) за време на повикот забрането е: рекламирање, забава, маркетинг или продажба или за идна продажба на комерцијални услуги.

(8) Должината на броевите од серијата 116(xyz) изнесува 6 цифри и истите можат да се користат единствено за завршување на повик на мрежна завршна точка на територијата на Република Северна Македонија.

(9) Операторите се должни на корисниците да им обезбедат бесплатен пристап до бројот 112 и броевите од серијата 116(xyz).

(10) Броевите од серијата 116(xyz) имаат третман на зелени броеви.

(11) Резервирани броеви од серијата 116XXX и надлежни министерства:

| Услуги со социјално значење хармонизиран на европско ниво | | |
|---|---|---|
| Услуги со социјално значење хармонизиран на европско ниво | Надлежно министерство [1] | 116xxx |
| Повикувачки центар за исчезнати деца („Hotline for missing children“) | Министерство за внатрешни работи | 116000 |
| Повикувачки центар за жртви на криминал ( „Victims of Crime“), | Министерство за правда | 116006 |
| Пповикувачки центар за помош на жртви на насилство врз жени („Helpline for victims of violence against women“), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116016 |
| Повикувачки центар за деца („Child Helpline“), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116111 |
| Повикувачки центар за медицински услуги („Non-Emergency Medical Services“) | Министерство за здравство | 116117 |
| Повикувачки центар за емоционална поддршка („Emotional support helpline“), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116123 |

Предлогот на министерството со кој давателот на услугата би можел да соработува во врска со користење на одреден број не е обврзувачки, затоа давателот на услугата не мора да го следи овој предлог, но може да го измени при што ќе договори соработка со друго министерство кое има надлежности поврзани со услугата што ќе ја обезбедува.

(12) Броевите од серијата 118(x) се наменети за давателите на универзална услуга за телефонска служба за информации од целосниот телефонски именик определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации во постапка согласно Законот за електронските комуникации, каде x го идентификува соодветниот давател на универзална услуга за телефонска служба за информации од целосниот телефонски именик.

(13) Телефонската служба за информации од целосниот телефонски именик преку броевите од серијата 118(x) обезбедува податоци од целосниот телефонски именик за сите крајни корисници, вклучувајќи ги и корисниците на јавните телефонски говорници, и тоа:

а) пристап до телефонската служба за информации и самата услуга се обезбедува преку телефон или SMS пораки;

б) пристап до телефонската служба за информации е возможен и од други држави; или

в) се обезбедува воспоставување на повик со крајниот корисник чии податоци повикувачката страна ги побарала.

**Национални скратени броеви за услуги**
**од национално општествено значење**

Член 16

(1) Броевите од серијата 19(x) се национални скратени броеви за услуги од национално општествено значење и се наменети за обезбедување на услуги од мрежни завршни точки на територијата на Република Северна Македонија, како што се:

а) безбедност на граѓаните;

б) медицинска помош;

в) известување и управување со кризни состојби.

(2) Броевите од серијата19(x) се со должина 3 цифри.

(3) За повици до разни видови служби за итни услуги, покрај бројот 112, ќе бидат на располагање следните броеви:

191 резерва

192 Полиција

193 Противпожарна служба

194 Брза помош

195 Центар за известување и тревожење

(4) Операторите се должни на корисниците да им обезбедат бесплатен пристап до броевите од серијата 19(x), за $2 \leq x \leq 5$.

(5) За услуги за помош на пат може да се користи бројот 196 Служба за помош на пат

(6) За услуги од општествено значење на располагање froследните броеви од серијата 19(x):

197 Царинска управа

198 Управа за јавни приходи

199 Министерство за внатрешни работи

190 Агенција за електронски комуникации

(7) Операторите се должни на корисниците да им обезбедат бесплатен пристап до броевите од серијата19(x), за $7 \leq x \leq 9$ и x=0.

(8) Национални скратени броеви за услуги од национално општествено значење се бираат без национален префикс и НДК (ПК) од јавните електронски комуникациски мрежи на сите оператори, преку кои обезбедуваат јавно достапна телефонска услуга.

## Скратени броеви за услуги за грижа за корисници

Член 17

(1) Броевите од сериите 12, 17 и 18 се употребуваат за услуги за грижа за корисниците на операторите. Услуги за грижа за корисниците можат да бидат: пријавување на дефекти, служба за информации од телефонскиот именик на операторот, говорна пошта, надополнување на кредит, проверка на состојба на телефонска сметка и други слични услуги на операторите утврдени од Агенцијата.

(2) Броевите од сериите 12, 17 и 18 можат да бидат со должина од 3 до 6 цифри.

(3) Броевите од серијата 12 можат да бидат достапни само за корисниците на операторот на кој му се доделени и притоа исти броеви можат да се доделуваат на повеќе оператори. Броевите од сериите 17 и 18 се достапни од сите мрежи со кои операторот на кој му се доделени има договор за интерконекција во кој е регулиран пристапот до поединечни броеви.

(4) Броевите од серијата 12 се бираат директно за оператори во сопствена мрежа, освен за оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги кога се бираат со национален префикс и НДК пред самиот број во случај кога повикот се реализира од друга мрежа или директно кога се бираат од корисници на операторот на кој истите му се доделени. Броевите од сериите 17 и 18 се бираат со национален префикс и НДК меѓу различни оператори на јавни телефонски мрежи или јавни мобилни комуникациски мрежи, а во рамки на мрежата на операторот на кој се доделени со или без национален префикс и НДК во зависност од изборот на операторот.

## Серија броеви за обезбедување на други услуги со почетни две цифри 14

Член 18

(1) Серијата броеви за обезбедување на други услуги со почетни две цифри 14 е во рамките на нумерациските подрачја кои ги користи операторот кој обезбедува јавно достапна телефонска услуга.

(2) Броевите од серијата 14 можат да се користат за:

а) обезбедување на услуги со додадена вредност (value added services);

б) обезбедување на содржина (content-based services);

в) обезбедување на услуги со поделба на приходи (revenue-sharing services);

г) услуги со посебна тарифа (premium rate services);

д) услуги базирани на сесија;

ѓ) услуги за реализација на трансакции и

е) слични услуги.

(3) По почетните две цифри 14, операторот на јавна телефонска мрежа може да употребува произволен број на цифри и/или алфа карактери.

(4) До броевите од серијата 14 можат да имаат пристап само крајни корисници од мрежата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа преку која се врши јавно достапна телефонска услуга на кој му се доделени овие броеви.

**Кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги**

Член 19

Кодовите за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги се во согласност со препораката E.118-„Меѓународни телекомуникациски картички за наплата“ на ITU-T.

Кодови на мрежа поврзана со мобилни електронски комуникациски мрежи и мобилни услуги

Член 20

Код на мобилна мрежа е дел на ознаката за меѓународен мобилен кориснички идентитет (IMSI–International Mobile Subscriber Identity), со одредена структура во согласност со препораката E.212.Меѓународен план за идентификација на мобилните терминали и мобилните корисници“ на ITU-T. IMSI се користи за меѓународно идентификување (означување) на корисниците во мобилните електронски комуникациски мрежи и се состои од MCC–Mobile Country Code, MNC–Mobile Network Code и MSIN-Mobile Subscriber Identification Number. Вредноста на кодот MCC за мобилните мрежи за Република Северна Македонија е 294. Кодот на мобилна мрежа-MNC во комбинација со MCC кодот, ја идентификуваат јавната мобилна комуникациска мрежа. MNC е со должина од две цифри, од 00 до 99.

**Кодови на сигнализациски точки**

Член 21

(1) Планот за нумерација за кодовите на сигнализациските точки е во согласност со препораките Q.704-„Сигнализациски мрежни функции и пораки“ на ITU-T и Q.708-„Процедури за доделување на кодови на меѓународни сигнализациски точки“ на ITU-T.

(2) Кодовите на меѓународните сигнализациски точки се користат за идентификација на меѓународните сигнализациски точки во меѓународните сигнализациски мрежи, кои што се определени со вредност на мрежниот индикатор NI=00 (INAT0). Кодовите на националните сигнализациски точки ги означуваат сигнализациските точки во националната сигнализациска рамнина, која што е определена со вредност на мрежниот индикатор NI=10 (NAT0) и се користи за поврзување на национално ниво. Кодовите на националните сигнализациски точки определени со вредност на мрежниот индикатор NI=11 (NAT1) можат да се користат за интерни потреби на операторите во сопствените сигнализациски мрежи.

(3) Кодовите на национални сигнализациски точки се со структура 3-6-5 бита, кои ги означуваат сигнализациските точки во сигнализациската мрежа на операторот на јавна комуникациска мрежа.

(4) Кодовите на меѓународни сигнализациски точки се со структура 3-8-3 бита, од кои првите три бита означуваат географска зона во светот, второто поле од осум бита означува географско подрачје или мрежа во зоната, а третото поле од три бита означува сигнализациска точка во географското подрачје или мрежата.

(5) Кодовите на меѓународните сигнализациски точки се распределени како што следи:

2-220-x
5-220-x
6-220-x
5-231-x
6-221-x
5-221-x

каде што x е било кој број од 0 до 7, при што кодовите на меѓународните и националните сигнализациски точки (ISPC и NSPC) се користат во рамките на територијата на Република Северна Македонија.

**Преодни одредби**

Член 22

(1) Операторите ќе ги усогласат своите референтни понуди за интерконекција со одредбите на овој План во рок од 30 дена од денот на неговото влегување во сила.

**Завршни одредби**

Член 23

(1) Со денот на влегување во сила на овој План за нумерација, престанува да важи Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 185/2014 и 181/2024).

(2) Планот за нумерација влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(3) По влегувањето во сила, Планот за нумерција ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-1602/7
14 јуни 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.